Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода
Сектор за поддршка на Градоначалникот
и Советот на Општината

тел.:02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

тел.: 02/2785-406
kabinet@kiselavoda.gov.mk

Број 08-1654/1
од 23.02.2023 година
Скопје

# ЈАВЕН ПОВИК ЗА ФОРМИРАЊЕ ИНИЦИЈАТИВЕН ОДБОР

Општина Кисела Вода распишува Јавен повик за формирање Иницијативен одбор (ИО) согласно член 17 од Законот за младинско учество и младински политики.

Иницијативниот одбор е неформална група која има цел да се консултираат младите и да се застапат нивните интереси во креирањето на Советот. Бројот на членови во Иницијативниот одбор ќе биде најмногу пет члена и единствено тие членови имаат улога да го формираат Локалното собрание за млади (ЛСМ). Времетраењето на ИО е краткорочно и завршува со свикување на првото Локално собрание на млади. Општината е задолжена за нивна селекција и работата на истото се координира и помага од службеникот/ката за млади во Општината.

Улога и задачи на Иницијативниот одбор:

•Поддршка на Општината во креирањето или ревидирањето на актите и одлуките кои го уредуваат формирањето и работата на ЛСМ,

•Распишување повик за Конститутивното локално собрание на млади во согласност со Статутот на Општината по принципот на јавност и транспарентност,

•Соработка со Општината при организација и одржување на Конститутивното локално собрание за млади.

Во ИО може да членуваат младински организации, организации за млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување кои работат и функционираат на територијата на Општината и сакаат да учествуваат во основањето на Советот.

Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода
Сектор за поддршка на Градоначалникот
и Советот на Општината

тел.:02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

тел.: 02/2785-406
kabinet@kiselavoda.gov.mk

Задолжителни документи:

• Портфолио на организацијата/групата/здружението/лицето

• Годишна програма за работа,

• Извештај за активности со млади во изминатата година,

• Писмо со номинација за член во Иницијативен одбор и контакт-информации,

• Кратко мотивациско писмо од страна на номинираниот член и кратка биографија.

<u>Начин на пријавување</u>:

**Документите за пријавување да се достават исклучиво преку архивата на Општина Кисела Вода.**

Рок за пријавување: 5 работни дена од денот на пријавувањето.

Лице за контакт: Никола Јовановски 070/343-428

nikola.jovanovski@kiselavoda.gov.mk

Изготвил:
Никола Јовановски
Контролирал:
Раководител на одделение
Ана Ѓуроска

Градоначалник
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК
ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА